Врз основа на член 14 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, Управниот одбор на ГС1 Македонија, на XXV седница одржана на 25.12.2019 година, донесе

# ОДЛУКА
# за утврдување на висината на надоместокот за користење на GLN бројот за 2020 година

Член 1

Со зачленувањето во GS1 Македонија и доделување на Единствен матичен GS1 број, покрај доделениот капацитет на GTIN –ови за означување на производи, секоја фирма членка по автоматизам бесплатно добива на користење и еден GLN број, ткн. ***примарен GLN***, кој се врзува со адресата на седиштето и даночниот број на фирмата и ЕМБС од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 2

Доколку фирмата членка има потреба за дополнителни GLN броеви, треба писмено да се обрати до GS1 Македонија за да ги добие потребните GLN броеви, кои ќе и бидат доделени со различен компаниски префикс од претходно доделениот. Во иднина фирмата ќе има обврска да плаќа годишен надоместок за користење на сите дополнително добиените GLN броеви.

Член 3

Висината на годишниот надоместок за користење на GLN броеви (Глобални локациски броеви) за 2020 година изнесува:

/во денари/

| Капацитет на GLN броеви | Надомест за GLN без ДДВ 18% | ДДВ 18% | Вкупно (2+3) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | 1.271 | 229 | **1.500** |
| 10 | 11.500 | 2.070 | **13.570** |
| 100 | 21.000 | 3.780 | **24.780** |
| 1.000 | 30.000 | 5.400 | **35.400** |
| 10.000 | 60.000 | 10.800 | **70.800** |
| 100.000 | 100.000 | 18.000 | **118.000** |

Член 4

Фирми кои не се членки на GS1 Македонија, имаат право да аплицираат за одреден капацитет на GLN -ови. При доделувањето, покрај надоместок за користење на GLN број, согласно капацитетот, даден во табелата во член 3 , кој се плаќа секоја година, имаат обврска од еднократна уплата од 3.000,00 со вклучен ДДВ 18% за административни трошоци и упис во националниот GLN регистар и во меѓународните GLN и GEPIR регистри.

Член 5

GLN броеви (Глобални локациски броеви) се доделуваат со цел идентификација на локации ( набавка, производство, магацин, управа, сметководство и сл), и фирмите на кои им се доделува одреден капацитет на GLN – ови, **немаат право со нив да означуваат производи**.

Член 6

По доделувањето на одреден капацитет на GLN –ови, фирмата е должна да ја извести GS1 Македонија за локациите на кои ги доделила GLN -овите, со цел истите да бидат регистрирани во националниот GLN регистар и меѓународните GLN и GEPIR регистри.

Член 7

Фирмата која користи GLN броеви е одговорна за информирање на деловните партнери за сите издадени броеви и соодветните детали.

Член 8

Членката која по исклучувањето и бришењето од регистарот на членки, продолжи неовластено и без акредитација, т.е нелегално да ги користи доделените GLN броеви, ќе биде правно и законски санкционирана, ќе го подмири надоместокот на штета во износ од 100.000,00 денари, а GS1 Македонија ќе ги извести надлежните инспекциски органи, големите дистрибутивни куќи, големите синџири на маркети и ќе објави на web сајтот на GS1 Македонија и во Меѓународните регистри за GLN и GEPIR .

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила од 01.01.2020 година и ќе биде објавена на web сајтот на GS1 Македонија.

Претседател на Управниот одбор
на ГС1 Македонија
Симон НАУМОСКИ

Бр.02-165/7
25.12.2019
Скопје